**ЗАПИСНИК**
**од 3-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.01.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 24.01.2018 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
3. Предлог за давање одобрување за дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека усвојувањето на предлог-записникот од 2-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2018 година ќе се одложи од технички причини, бидејќи има помалку од 24 часа од одржување на седницата и немаше техничка можност истиот да се изработи. Предложениот записник ќе се стави на усвојување пред почетокот на наредната седница.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување. Објасни дека до Трговското радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, Агенцијата доставила фактура за годишен надоместок за вршење радиодифузна дејност, но во законски утврдениот рок, радиодифузерот не го платил надоместокот.

Г-дин Петрушевски праша во проценти колку уште треба да плати?

Помошник раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи Горан Радуновиќ одговори дека недостига уплата нешто помалку од 1/3 од вкупната сума.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е добра регионална телевизија и се надева дека ќе изнајдат начин и можности да ги доплатат средствата во наредните 15 дена.

Г-дин Фетаи рече дека со оглед на тоа дека ова е процедурално, секогаш кога законски им поминува рокот за уплата, Агенцијата покренува постапки за одземање на дозволи. Веќе сме имале вакви ситуации, инаку ова е телевизија со традиција. За жал сигурно и тие имаат финансиски проблеми како и многу други телевизии во последно време, па може да се направи и некоја анализа за нивната финансиска положба или пазарот како се движи, што се случува на него.

Г-дин Петрушевски рече дека ова е навистина прашање што секогаш сме го решавале по процедура.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-28 од 25.01.2018 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, бр.08-38 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а со согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмен извештај од извршен административен надзор бр.05-502/1 од 25.01.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена (петнаесет) од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Студио ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ, бр.08-38 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски рече дека оваа точка е логично продолжение од вчерашната седница, каде се надополни Финансискиот план за 2018 година и сега по процедура конкретната точка ќе се додаде во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година.

Помошник раководителката на Секторот за информатичка поддршка и општи работи Цветанка Митревска, објасни дека Годишниот план за јавни набавки за 2018 година се дополнува во делот II Услуги, на начин што под точката 25 се додава точка 26 со наслов „Студија за утврдување на оправданоста за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс". Додаде дека средствата во целост се обезбедени со зголемување на Финансискиот план кој што беше направен вчера и за што е донесена Одлука од 24.01.2018 година, така да не постојат законски пречки да се спроведе дополнувањето.

Г-дин Петрушевски рече дека конкретната спецификација ќе имаат можност да ја видат на првата наредна седница. Од причина што и во образложението пишува дека според член 70 став 4 од Законот за медиумски услуги имаме рок од 3 месеци, целата процедура треба да се забрза бидејќи не знаеме како ќе оди набавката, што ако не се јави никој на тендерот. Имаме законски рок од 3 месеци да ја добиеме Студијата. Се надева дека постапката ќе заврши успешно и дека ќе имаме барем двајца понудувачи.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Предлогот бр.05-496/1 од 24.01.2018 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2018 година – бр.05-5797/1 од 29.12.2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Следствено на сето погоре наведено, согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-5797/1 од 29.12.2017 година, да се дополни, и тоа:

- во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се врши следното дополнување, односно се додава 1 (една) нова точка, и тоа:

**По точката 25, се додава нова точка 26 која ќе гласи:**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 26. | Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс | | јануари/ февруари | Постапка со барање за прибирање понуди | 300.000,00ден. |

За предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5797/1 од

29.12.2017 година, средствата во целост се обезбедени со ребаланс на Финансискиот план за 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој беше спроведен со Одлука бр.05-494/1 од 24.01.2018 година.

Се задолжува Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2018 година.

**Разно.**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-482/4
05.02.**2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**